

АНГЕЛИНА МАРКУС

БЕШЕ СИ БИЛЕ...

# ПРИКАЗНИ ЗА МАКЕДОН И МАКЕДОНЦИТЕ

## СОДРЖИНА


Беше си била приказна за богот Македон....5

Беше си била приказна за Космичка Македонија....7

Беше си била приказна за Големата Мајка....9

Беше си била приказна за Ахил....11

Беше си била приказна за Хераклеја....13

Беше си била приказна Филип II Македонецот....15

Беше си била приказна за Александар и Букефал....17

Беше си биле Македонци во Индија....19

Беше си била приказна за Стибера....21

Беше си биле школи во Македонија....23

Беше си биле приказни за кириличното писмо....25

Беше си била приказна за везена кошула....27

Беше си била приказна за Канон....29

Беше си била приказна за Ханзите и Калешите....31

Беше си била приказна за царот Константин....33

Беше си била приказна за Јустинијан од Скопје....35

Беше си била приказна за царот Самуил....37

Беше си била приказна за Македонците во Русија....39

Беше си била приказна за Крале Марко....41

Книгата ја спонзорира:

МАКЕДОН БЕТОН

Скопје

*Издавач:* Ангелина Маркус

*Цртежи и корица:* Миро Георгиевски

*Компјутерска обработка и подготовка за печат:*

"МАКФОРМ" - Скопје

*Печат:*

"БИМС"-Скопје

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

821.163.2-32

МАРКУС, Ангелина

Беше си биле...приказни за Македон и Македонците / Ангелина Маркус ; по идеја на Жан Митрев ; [Цртежи и корица Миро Георгиевски]. - Скопје

Маркус, А., 2006. - 44 стр. ; илустр. ;29 см

ISBN 9989-2461-1-4

COB1SS.MK-ГО 67623690

АНГЕЛИНА МАРКУС

БЕШЕ СИ БИЛЕ...

# ПРИКАЗНИ ЗА МАКЕДОН И МАКЕДОНЦИТЕ

ПО ИДЕЈА НА ЖАН МИТРЕВ

ЕДИЦИЈА
КЛЕА



***БОГОВИТЕ НА МАКЕДОН МУ ГО ДАДОА МЕЧОТ СО КОЈ СИ ЈА ОДБЕЛЕЖИ ЗЕМЈАТА НА РАЈОТ.***

**БЕШЕ СИ БИЛА...**

# ...ПРИКАЗНА ЗА БОГОТ МАКЕДОН

Древните народи живеат со легендите за луѓето, боговите и природните сили. Има ли народ во светот што името со милениуми си го носи по својот бог Македон? Тоа се само Македонците, државата Македонија, царот на светот Александар Македонски, имињата Македонка, Дона-Донка во песните.

Од каде ни е името на богот, народот, државата? Се знае. Од древнина, од самото постоење на буквата "е" пред Аполоновите светил.ишта, од "МА" - Големата Мајка - Македонија, славена со неолитски артефакти, статуи, фрески слики од Македонки низ историјата. Ако Големата Мајка толку се почитува низ Македонија, можеби по неа го добивме името, ако и таа не го родила Македон, трајно да ни стане родоначалник, патрон, заштитник именик. Во митолошките сфери се објаснува дека татко на Македон и Скит е самиот врховен бог Ѕевс што од небото ги ѕиркал најубавите жени и со нив оставил бројно поотомство на богови и божества, што се здале во заштита на Македонија, по примерот на Македон. Богот по своето име ја нарекол земјата Македонија. Таа традиција ја презеле македонските цареви и по свое име ги нарекувале градовите како Филипи, Александрии, Константинопол, Јустинијана, Марков град, Самоилова тврдина, Аполонии, Хераклеи, до Гоце Делчев, Сандански и други. Само Македон го дал името за цела Македонија, за сите Македонци и сите градови со царски имиња.

Постојат и други толкувања за нашето име. Тоа било од низини, од дно меѓу планини и пак се поврзува со името Маке-доњ Посеј-дон, Тихи Дон, како дно на земјата, морето и реките. Други мислат, името дошло од изгледот на Македонците, високи, стројни, здрави луѓе као храстови од планините и полињата.

Во секој случај Македон го дал своето име ча Македонците и ја одредил сличноста на боговите со кралевите и со луѓето. Македон ни се претставува како стар, мудар бог којшто бдее над Македонија од височините на црквите.

Ликот на Александар се претставува како Аполон; млад, светол, убав, моќен и лиричен. Филип личи на Херакло, тој е воин, херој, жесток борец во одбрана на Македонија. Такви се и многубројните македонски цареви слични по изглед, симболи и оружје јавнати на коњи како Александар, Самоил, Марко Крале, Делјан и Ангелите во небеските одреди на фреските низ Македонија. Тоа духот на Македон се појавува како всаден боговечен дух и кај обичните луѓе што го слават на пролет како Ксантика - празник на цвеќето, мартинките, победите. Богот Македон се вљубил во Ксантика и ја барал меѓу расцутените дрвја и цвеќиња што се претворале во плодородие а народот се веселел со пеење, пиење, со црвено-белата боја и летните зраци на сонцето што останале на знамињата и везењето до денешни дни.
Во спомен на Македон, Македонците носта имиња и презимиња. Не е случајно што Жан Митрев своето Це Де го нарече "Биди свој...биди Македон" или името "Македон"- фирма за бетон на Ниче низ која се изразува цврсгината на Македонците верни на богот Македон.

# КОГА СВЕТОТ СЕ СОЗДАВАЛ ВО КОСМИЧКИ РАЗМЕРИ...



БЕШЕСИ БИЛА...

# ...ПРИКАЗНА ЗА КОСМИЧКА МАКЕДОНИЈА

Кога светот се создал во космички размери, кога се создале планетите, галаксиите, сонцето, била создадена земјата со си живо и постоечко. Планините, вулканите, оке-аните и сите земни убавини во раскошната природа, се распослале низ полињата на Македонија. Ја здогледале Боговите и позавиделе на убавината па решиле таа да биде бо-жествената земја за нив. Ја избрале македонската планина Олимп за своја татковина, да уживаат сите Богови, окружени со сите убавини околу реките, езерата, морињата, блеснати во сончевина, А луѓето умни, убави, надарени, божествени, набргу се здружиле со боговите и во разни светилишта заедно се веселеле и славеле. Од таму е, од Боговите, македонското потекло и од таму се имињата на реките, планините и градовите со имиња на Боговите. Заедно живееле Боговите, божествата, боголиките херои, цареви и сите Македонци. Зевс, Аполон, Херакле, Македон, музите и Македонците ја одржувле космичката енергија преку сонцето. Царевите ги нарекувале божји синови на сонцето што дава живот и убавина. Затоа Македонците си го зеле сонцето за знаме до ден денешен. Го сретнуваме како симбол на орадијата, штитот, куполите на црквите, накитот, насекаде како потпис на македонскиот на-род, слава и храброст на сончевите зраци. Кога на Олимп се ковал златниот меч зрачел од сонце, таков Македон им го дал на Македонците.

По македонските ливади полни со цвеќе музите играле оро со венци на главата, како што и сега играат македонските невести. Божествени ора и песни, божествени луѓе со бо-жествен живот и убавина биле Македонците. Тие си преземале од Боговите, учеле од нив и ги славеле во Аполоновите светилишта со истата светост. Од таму е Македонија света биб-лиска земја во центарот на светот, со помош на сите светци. Музите го подучувале народот и го надарувале. Така музата Уранија ги научила Македонците да ги следат космичките промени, движењето на сонцето и промените на природата на Земјата со што се правел пре-цизен календар за земјоделието.

Со таа цел пред четири илјади години Македонците во Кокино ја изградиле астро-номската опсерваторија. Со тоа останале блиски и со Боговите и со космичките движења, Македонците граделе безброј култни светилишта за да ја направат Македонија најубавата земја на целата планета.

... Беше си била Македонија, и останала, и ќе биде таква - Божествена.

***ШТО Е ЧОВЕКОТ БЕЗ ЖЕНАТА?
МАКЕДОНЦИТЕ СЕ МНОГУ СРЕЌЕН НАРОД.
ТИЕ ЈА ИМААТ ГОЛЕМАТА МАЈКА.***



**БЕШЕСИ БИЛА...**

# ...ПРИКАЗНА ЗА ГОЛЕМАТА МАЈКА

Тајната на создавањето на човекот трае. Се вели дека се родил. Го родила мајка. Врвот на совршенството, човечкото суштество, раководено од природен инстинкт да знае да дише и да цица. Си друго се стекнува, се учи, се усовршува. Мајката го пренесува искуството на потомството. Мајката Божица, прамајка, природата, Ева од рајот и секоја мајка ја носи тајната на животот. Не можеме да кажеме точно кога започнал животот на човекот. Разни митолошки и ритуални докази ја зголемуваат хипотетичноста. Со една биолошка нога стои во животинското царство а со другата чекори во свесната зона на уметничко и научно творештво. Се покорува на законите на природата и свесно интервенира создавајќи нови сфаќања за себе и светот од земјата до космосот. Некои појави милион години не се променуваат, на пример раѓањето и улогата на мајката.

На тлото на Македонија под земја останеле разни докази за животот на луѓето со кои се побива претпоставката за дивите луѓе што скитале наметнати со кожи, со долги коси и стапови во раце. Неолитските ископини на куќи, огништата, орадија и стотици глинени статуи на жени ни раскажуваат поубава прикаска за култ кон Мајката што раѓа. Тоа се неолитски дами на Големата Мајка од Македонија, Божица на домот и родот и господар на животот. Жена извајана од глина седната на покрив со нацртано сонце, накитена со бисери, белегзии, прстени, плетенки и патец над челото како израз на симетрија и рамнотежа на материјалното и духовното од основа го менува сфаќањето на жената како диво животно. Во Музејот на Македонија има постојана изложба на галерија на тие женски ликови наоружани со убавина, моќни владетели на домот, на фамилијата и продолжувањето на животот со раѓање. Тоа се истите жени во мермерни статуи на Музите, Богинките, Артемида, Тиха, Афродита, Хера... коишто чувале вечна стража со убавина на Големата Мајка пред храмовите, палатите и театрите низ Македонија, во сите царски градови. Така ги ископуваме наредени во колони и ги спо-редуваме со сегашните живи мајки и некогашни славни лица на жени од Македонија. Тоа се Царици и Богородици што раѓале Божествени Македонци.

Евридика го родила Филип II, Олимпија-Александра, Лета-Аполона, Тетида-Ахила, Роксана-Тесалоника, Клеопатра родила пет деца, Мајката Божја-Марија, Царицата- Елена, Теодора-Ана-Комнен, Евросима. Султана мајката на Гоце Делчев, Мајките на Комитите, Преродбениците, Партизаните, Бранителите... се мајки на Македонци што ја создале историјата и славата на Македонија, на народ што го одржува култот на Големата Мајка како култ на раѓање за долгиот опстанок на човекот и човештвото.

Мајката раѓа и затоа толку се почитува во Македонија, во безброј светилишта, од почетокот на светот до денеска.

**АХИЛЕ, ДЕТЕ МОЕ МИЛО, РАСНИ И ПОРАСНИ,**
**ЈУНАК ДА СЕ СТОРИШ, ЗА ГОРДОСТ НА МАКЕДОНИЈА.**



**БЕШЕ СИ БИЛА...**

# ...ПРИКАЗНА ЗА АХИЛ

Мирмидонците, славно племе од Македонија, беше си имале крал по име Пелеј со царски двор во Фтија. Откако младиот крал и фрлил око на една од Нереидите -Тетида, богинка на морињата, беше ја грабнал од изворот каде што се капела со другарките. Потоа направил царска свадба со бегалката на која добил благослов и подароци од боговите, музите и народот. Оттогаш и денеска постои обичај во Македонија момчиња да си земаат невеста бегалка за да се сродат и помират фамилиите.

Од бракот на Пелеј и Тетида се родил Ахил, најбрзиот човек во светот. Мајка му го избањала во една света река за да добие бесмртност, заборавајќи во водата да ја потопи и петицата за која што го држела. Така Ахиловата петица останала негова слаба точка и ја задржала смртноста.

Ахил растел и се воспитувал според македонските кралски обичаи, со кралски другари и придружба во учењето, игрите и борбите. Исто така, растел и учел и Александар во Пела. Судбината на Ахил се врзала со тие настани уште на свадбата на Пелеј кога Ерида ги скарал богинките фрлајќи златно јаболко за најубавата. Парис или Александар, принцот од Илион или Троја ја избрал Афродита за најубава меѓу убавите. Таа пак му ја ветила за жена Елена, сорпугата на кралот Менелај од Микена, којашто Парис ја грабнал. Тогаш пред портите на светиот сончев град Илион пристигнаале силни војски за десетгодишната борба како што се опишани во Илијадата. Рушењето на градовите, пленот, убиствата, палењето, не стивнуваат и до денес, на истите места и со истите народи. *

Микенските кралеви Менелај и Агамненон ги собрале корабите и војските за да ја вратат Елена, ќерката на Лета и сестра на Диоскурите. Ахил се судрил со Микенците од морални причини при поделбата на пленот. Микенската војска се разболела од колера, а лутиот Ахил не попуштал. Тој не сакајќи да се бори, му ја дал својата воена опрема на својот најверен другар Патрокло. Хектор го убил Патрокла и му ја одзел Ахиловата опрема: штитот, шлемот, копјето и градникот што Хефест ги исковал за сончевиот син, исти кај сите борци.

Кога Ахил разбрал за смртта на својот најдобар другар и врсник отрчал без опрема на боиштето и толку силно рикнал од болка што сите се разбегале. Тоа била истата болка како онаа кога Гилгамеш го изгубил својот пријател Енгиду.

Така војните ни даваат материјал за убави епови, опишувајќи ги силните херои. Во Илијадата преку Ахил се кршат сите дилеми и со него се поврзани сите жртви. Уште кога се родил се знаело дека ќе има краток и славен век. Стрелата го погодила Ахила во петицата. Не му помогнала ниту снагата, ниту брзината, ниту борбата за етичките принципи.
Воената опрема на Ахил и Александар била иста како и нивната судбина. И двајца-та биле синови на сончеви народи. И двајцата се украсуваа со шеснаесеткракото сонце на градите и со менада на македонскиот штит.


ХЕРАКЛО ЗА ВТОРА ПЕЛА ГО ИЗБРАЛ МЕСТОТО
ПОД НЕПОВТОРЛИВО УБАВИОТ ПЕЛИСТЕР

**БЕШЕ СИ БИЛА...**

# ...ПРИКАЗНА ЗА ХЕРАКЛЕЈА

Во Македонија од секогаш постоел обичај имињата на Градовите да ги носат имињата на царевите и хероите кои ги граделе. Така по Филип II се викале Филипи, по Александар - Александрии, па Аполонии, Хераклеи. Тие и до денес се неизбришливи траги за историјата на Македонците.

Беше си бил јунакот Херакло, предок на македонските цареви - Хераклиди. Оружјето на Херакло бил лакот и стрелата и стапот кој сам го изработил, со јазли на местата од гранките спирално бележени. Тој симбол си нашол место во ковањето на македонските монети до средниот век, кога владеела македонската династија во Византија, иако такво име во древните споменици нема, кога си било македонско. Херакле со голи раце го убил Немејскиот лав и си ја префрлил лавјата кожа преку рамото како знак на моќ. Македонците цареви - Хераклиди се гордееле и ги употребувале истите симболи, за да се потсетат на натчовечките подвизи со кои ја избориле славата за Македонија.

Херакло е славен и почитуван заради неговите заштитнички борби од сите неправди и зла. Уште како дете во крошната ги задавил двете змии со силата на инстинктот на бебешките раце. Се редат херојства си поголеми едни од други. Ги исекол главите на Хидрата. Го убил вепарот што пустошел по полињата. Ги совладал птиците со железни канџи, ги исчистил Евгеевите пондили. Го совладал критскиот бик. Го добил Хиполитовиот појас од Амазонките, ги обрал Хесперидините златни јаболка. Го придржал небесниот свод вместо Атлас. Го спасил окованиот Прометеј на Спила и уште многу такви познати дела.

Хераклитската прикаска за Македонците е уште поважна. Тие во спомен на Херакло ги изградиле градовите Хераклеи во Сицилија, Тракија, Понт и Линкестида во Битола. Филип II ги градел Хераклеите како култни македонски места со долга традиција и карактеристика на царски македонски градови. Во близина на Хераклеја има уште градови како што е Алкомена именувана со име на мајката на Херакло. Ако Филип се идентификувал со Херакле, тогаш со Алкомена треба да се идентификува Евридика, мајката на Филип - Линкетската принцеза со која се оженил Аминта III, таткото на Филип II Македонски.

Во Хераклеја се откопани храмови, патеки од камен и столбови од мермер, театар со сцена и оркестра, со мозаиции и статуи какви што имало и во сите македонски градови од тоа време, Секој град во своето име крие дел од животот на царевите и хероите. Затоа било обичај така да се именуваат македонските градови, за навек да ни потсетуваат и да ни ја кажуваат приказната за царевите на Македонците. Во Битола го има сето тоа.

Легендата за Херакло продолжила во јунаштвото на Марко Крале и многуте Ангели по фреските низ македонските цркви, кои се борат со злото за да го заштитат народот.

## ЗА ДА СЕ ПОБЕДИ КАЈ ХЕРОНЕЈА, ХЕРОИТЕ ТРЕБАШЕ ДА ГИ ВОДИ ГЕНИЈАЛЕН ВОЈСКОВОДЕЦ.



## БЕШЕ СИ БИЛА...

# ...ПРИКАЗНА ЗА ФИЛИП II МАКЕДОНЕЦОТ

Ако се бараат корените, или кодот на тоа што дава печат на едно време или народ, тоа е наследството од дамнина во иднина. Лика на родителите и синовите со потом-ците.

Кога во царската лоза на Македонците на Аминта и Евридика им се роди Филип II, третиот син, тој ги понел во себе гените на вистински принц. Немало потреба да се проверуваат неговите потенцијали како што Андерсен го проверувал потеклото на принцезата со зрно грашок. Филип II ги потврдил сите квалитети уште како дете. Брзо сфаќал, учел, вежбал, војувал, градел, ја водел и ја изградил Македонија во силна и непобедлива држава. Беше си била таква среќата на Македонците, со Филип II заедно во фалангата да живеат и да се борат, царот и народот едно до друго. Од љубовта кон луѓето ја црпел сета енергија и за славење. Филип ништо не пропуштал, во си учествувал.

Во Македонија бил обичај, наесен, откако ќе се собере реколтата со веселбата да се продолжи до октомври, со Баханалиите, на жените Бахки, Артемидинки. Тие во занестрчале по шумите бркајќи го еленот на Артемида за да добијат светост од богинката. Тие биле посветени на мистериите со кои раководеле царските семејства како првосвештеници. И Филип II и Олимпија со раѓањето го стекнале правото на тајните мистерии. Така во една октомвриска ноќ, на полна месечина, Филип II ја видел Молошката принцеза Олимпија од Епир и веднаш посакал да се ожени со неа. Свештениците го посоветувале добро да ја подготви царската свадба за да се прикажува во бајките како треба да се женат царевите, со благослов од сите и од боговите. И денеска македонските свадби се со исти канон. Свештениците во црква ставаат круна на главата на младоженците во спомен на царските свадби и раскошни веселби.

По девет месеци во јули, во Пела, во македонската пресголнина се родил Александар. Асгролозите го воделе раѓањето според најповолните небесни знаци. Се родил Лав - Хераклид, со предодредена среќа и слава. Таа ноќ небеските огнови и комети го парале небото. Во Хефес изгорел Артемидиниот храм и го осветлил Егејот. Пела славела со целиот народ и фалангата. Филип II бил најсреќниот татко. Неговата слава растела. Царските коњи победувале на трките по стадионите. Битките ги добивал. Успех до успех се нижеле. И синот Александар рано го потврдил својот ген. Го јавнал Букефал. Филип II не го испуштал од вид својот наследник. Го школувал, го обучувал, го осамостојувал, му бил жив пример. Дошол и тој славен ден за таткото и синот, пред Херонеја заедно да се покажат. И двајцата обдарени со божествена сила и убавина ја повеле фалангата во сите победи што им припаднале на Македонците. До ден денешен, сите народи, од Филип II и Александар учат како да се живее, како да се бори и како да се брани татковината. Во прашање е ген и наследство, потврден низ историјата.

ПОЛЕДНИ МЕ... И ЌЕ ВЛЕЗАМ ВО ТВОЕТО СРЦЕ



**БЕШЕ СИ БИЛА...**

# ...ПРИКАЗНА ЗА АЛЕКСАНДАР И ВУКЕФАЛ

Во тоа лето во Пела во царските палати на Македонците под силни небески огнови се родил Александар, миленикот на боговите, на царевите, на фалангата, македонскиот народ, а подоцна станал миленик на целиот свет. Тоа дете растело за среќа на сите како ремек дело на човечко суштесгво, за да стане најславниот човек што го дал човечкиот род.

Тоа дете имало од кого да учи, да научи и да знае си за светот и човекот. Го опкружувале традициите на претците, на долга листа наследни царства, војни, историја, искуствата опишани во Илијадата. Така спиел, растел, сонувал и го освојувал светот Александар со своите врсници, царски другари, генерација. Тоа беа: Клито, Неарх, Птоломеј, Хефестион, Филота, школите, учителите, филозофите, уметниците и најмногу од си строгата личност на Аристотел, сите заедно влијаеле на младиот принц.

Сепак Александар во душата бил дете како и секое друго. Тоа се потврдило оној ден на стадионот во Пела кога се сретнале Александар и Букефал и од тогаш станале најславен коњаник и најславен коњ до денешните дни.

Своеглавоста и нескротливата сила на Букефал силно го одушевила Александра. Коњот не се предавал, се пропињал на двете нозе, клоцал, р'жел и ги соборувал на земја сите јавачи што му се доближувале. Филип се договарал за судбината на коњот: да се погуби или да се проба да му се скрши силата со изгладнување. Кога коњот бил затворен без вода и храна Александар се искрал и тргнал на запознавање на таа грдосија од снага на коњот. Се соочил со него. Дванаесетгодишното дете со своето мало раче му дало трева, го заранило и коњот го прифатил со топлиот здив, Александар се испотил, си ја размениле топлина. Секој ден коњот ги чулел ушите, ги ширел ноздрите, ја тресел гривата и гребел со нозете. Александар му подавал во едната дланка трева, во другата вода. Се стекнаале со меѓусебна доверба. Генералите на Филип II се плашеле за своите глави, да не му се случи нешто на принцот од тој див коњ.

На стадионот се повторувала здивената сцена. Букефал рипал и на својата сопствена сенка. Никој не можел да му се доближи а кога сите се откажале Александар го замолил Филипа за дозвола и тој да се проба. Кога коњот го намирисал рачето што тајно го хранело се смирил и му дозволил да го грабне за гривата, да го сврти спроти сонцето, да го јавне и да прелета низ полето. Си замрело во исчекување, а на крајот Филип прозборел: Сине, Македонија е мала земја за тебе, со таков коњ тебе ти припаѓа светот. И така бидна. Александар јавнат на Букефал, на чело на фалангата, прелета преку сите битки, создавајќи нови патишта и градови низ целиот свет. Херонеја, Теба, Граник, Ис, Гавгамела, Тир, Мемфис, планините на Хинду Куш, Памир, реката Хидасп во Индија и назад до Вавилон. Букефал го носел Александра на своите плеќи со споменот на детскаТа дланка што го хранела.

Александар, Букефал и Македонија... беше си биле и останале најсветли настани за сите Македонци.

**НЕ СЕКОГАШ СНАГАТА Е ВО МУСКУЛИТЕ, МНОГУ ПОЧЕСТО И ПОВЕЌЕ Е ВО УМОТ.**



БЕШЕ СИ БИЛЕ...

# ...МАКЕДОНЦИ ВО ИНДИЈА

Фалангата крстарела по светот пред двеилјади триста триесет и три години. Александар гологлав ги предводел Македонците во сите победи. Зад него застанувале сите умни луѓе од Македонија: научници, филозофи, архитекти, уметници и сите си ја вршеле својата работа, пред отворените порти на многу народи на исток каде што Александар се движел по патот на сонцето, обединувајки го светот со својата космополитска идеја.

Неколку градови и војски се испречиле и морале да бидат уништени до темел. Тоа беа Теба и Тир. Со тоа Александар си го чувал грбот во Македонија . Последна битка била во Индија со Пор. Останатото време Александар го посветил на градење на градови Александрии, царски патишта и светилишта оставајќи секаде дел од македонската душа. Не само луѓето и народите, туку и боговите му помагале.

Уште како дете сам заминал во шумата да види како расте дренот висок и до шест метри. Од него се правеле копјата за фалангата. Таму открил калем на дрен со дрен без да се примети спој на стеблото.";

Си што оди, лета и плива, го предизвикувало неговото љубопитство со инстинкт за опстанок. Со голема интуиција, вродени претчувства и знаења за природата ја збогатувал свеста со разни сознанија. Се консултирал со сите а решавал сам со непогрешливост во предвидувањата. Знаел како да ги помине пустините и планините, како да победи десетпати помногубројна војска, како да го одржува духот и довербата кај Македонците, знаеше си и можеше си.

Кога се менувале условите, се менувала целата тактика или се пренаменувала фалангата. Така било и во битката со Пор во Индија. Никој не можел да сфати што подготвува Александар. Пор чекал со распоредена повеќеилјадна војска, со многу слонови и најразновидно оружје. На Александар како и пред битките кај Гавгамела со Дарие му се врежала мислата дека силата не е во мнозинството. Изгледало како да се повлекува, откажува а тој самиот градел удар врз митолошка основа. Од како разбрал за Индискиот култ кон кравата како свето животно Александар наредил да се соберат илјадници крави од сета присгапна територија. Пор со многубројната индиска војска тргнал кон фалангата. Македонците се разделиле и ги пропуштиле светите крави подгонети во стампедо. Индијците и слоновите во паника се напаѓале едни со други бегајќи пред налетот на обожуваните свети крави. Ниту еден Македонец не загинал. Пор не побегнал срамно како Дарие туку се предал барајќи од Александар да постапи со него царски.

Умната постапка на Александар, во Индија се почитува. Многу Индијци и денеска се прикажуваат како Македонци по женска линија. Впечатокот што го оставил Александар и Македонците во Индија не избледува.

**ПЕЛАГОНИЈА ОТСЕКОГАШ НА МАКЕДОНЦИТЕ ИМ ЈА ДАВАЛА ХРАНАТА, А ГРАДОТ СТИБЕРА ИМ ГО ДАВАЛ ДУХОТ.**



**БЕШЕ СИ БИЛА...**

# ПРИКАЗНА ЗА СТИБЕРА

Во Македонија нема што нема. Земја, сонце, води, дивеч, билки, си успева. Високи планини, снежни врвови, ретки шуми како на Пелистер, Бистра, Кожув. Планини со гранит, мермер, оникс, ураниум, неметали, цел Менделеев систем на едно место се збрал. Плодовите, цветовите, виното, пастрмката, биволите и разни ендемити се живи сведоци на размената на сите богатства што Александар ги вршел со далечни земји. Прекрасните пејсажи, луѓето и уметничките дела се автохтони, македонски. ." »

Градовите симетрично распоредени и сегашните и древните, се споменици на уникатност на уметничка дарба и способност на генерациите. Природата, животот, умот и човекот заедно ја претставуваат македонската одлика.

Во центарот на Пелагонија, што повеќе од три илјади години така се вика, се наоѓа селото Тополчани. Опркужено е со неолитски наоди, тумби и царски градови. Во подножјето го пара Црна Река (Еригон). Над самото село на ридот е највиска кота на Пелагониска греда што ја дели Пелагонија на половина меѓу Прилеп и Битола или Керамиде и Хераклеја. Од тука се гледаат сите градови и патишта. Во близина е Стибера, Дерион, Алкомена, Пелагонија, Хискана и Хераклеја кои се поврзувале со царскиот пат меѓусебе. Тој пат уште е во функција едни велат римски е, други турски бил, само затоа што Македонците граделе и во Рим и во турско, кога Македонија владеела со сите земји. Тука низ Пелагонија затрупана е целата древна македонска исгорија. Стибера тоа го покажува.

Од сите досегашни истражувања од тој комплекс на градови таму останале лузни од ограбувања на сите држави и војски што ни присвојувале.

Стибера е најголемиот и најбогатиот град од сите македонски древни градови. Стибера е град ковачница на златните монети на царевите Филип II и Александар, се ковало во Бакарно Гумно. Стибера е град светилиште со храм на Тиха и статуи на Асклепио, Херакле, Хефест.

Стибера со Гимназионот, Стадионот, салите - училници била најголем образовен центар во Македонија цели 600 години. Стибера е седиште на племсгвото од Македонија на Пелагониските, Пеонските, Линнкестидските и Дериопските кралски куќи.

Стибера уште не ги покажала царските палати, театарот, лабораториите и Асклепијадите типични за секој македонски царски град. Досега сите ископувања во подножјето на Стибера се правеле само за да се грабне некоја статуа или плоча со писмо.
Така колоната од статуи од Стибера, сега се колони во многу светски музеи. Таму тие ја немаат светоста на Македонија, библиската земја, зјаат само лузни од грабеж.

**ДРАГИОТ НАШ УЧИТЕЛ СЕКОГАШ НЕ СОВЕТУВАЛ:**
**□АКО СТЕ НАУМИЛЕ ДА ИЗГРАДИТЕ ГРАД,**
**ПРВО НАЈДЕТЕ ЛИЦА СО УМ И НАПРАВЕТЕТЕ ЛИЦЕУМ□.**



**БЕШЕ СИ БИЛЕ...**

# ...ШКОЛИ ВО МАКЕДОНИЈА

Легендата ни зборува дека само боговите биле обдарени со знаења. Луѓето живееле во мрак, во темнина, при очи светло не виделе. Еден ден Прометеј го украл огнот од Боговите и им го предал на луѓето како тајна за просветлување.

Тоа не бил обичен оган туку бил ум, знаење и писмо што се ширело како пожар во душите на луѓето што се просветлиле. Од таму и македонскиот збор просвета што стотици милиони луѓе го употребуваат за образованието, за учените со светол образ. Зевс се налутил и го казнил Прометеја за огнот. Го заковал на Кавкаските карпи и орел секојдневно му го колвал црниот дроб кој ноќе се обновувал за да продолжи мачењето. Потоа дошол Херакло кој го ослободил Прометеја од смртните маки.

Светлината останала во Македонија, за да биде света земја и Македонците да се нарекуваат свети луѓе, да ја шират светлината по светот просветлувајќи многу народи со Александровите походи и ширењето на Православието од Библијата. Учените луѓе од Македонија и во денешново време, како многу способни луѓе, се барани по сите континенти.

Од дамнина низ Македонија на карпи, на печати, на плочки, останале пораки во вид на знаци, симболи, цртежи и писмо. Останале траги од школи, учители, ученици, следбеници. Ние сме потомци на тие славни Македонци.

Многу одамна македонските школи биле на глас низ целиот тогаш познат свет. Тоа биле гиманзиуми како сегашните гимназии за општо образование. Тоа биле Лицеуми како воени училишта за племството. Симпозиумите се организирале за научна расправа со дискусија. Како и сега музеите ја чувале инспирацијата за творештво во уметноста. Сите тие школи Аристотел ги обогатувал со библиотеки во секој град. Имал свои ученици, соработници и следбеници, еден комплетен образовен систем каков што е и денес во светот. Сите овие Аристотелови школи ја имале царската поддршка на Филип II и Александар Македонски. Затоа македонските школи ги сретнуваме покрај царските палати. Царот во Македонија секогаш бил најучениот човек а научникот, филозофот и лекарот секогаш биле царски луѓе. Тие заедно се дополнувале градејќи логичен метод, вистинит и траен. Факелот на огнот не ја осветлувал патеката во спортот туку духовната патека на знаењата сгекната низ школите во Македонија. Цената на просветувањето ги отплатила маките на Прометеј откако просветувањето го прифатиле Македонците.

Горчливи се корените, но слатки се плодовите од образованието, рекол Аристотел.

## КИРИЛИЧНО ПИСМО

НЕМА ЛИ НАРОДОТ ПИСМО, НЕМА НИ СВЕТЛИНА, ЗА ДА ИМА, ПОТРЕБНО Е ДА СЕ РОДАТ ПРОСВЕТИТЕЛИТЕ.



**БЕШЕ СИ БИЛЕ...**

# ...ПРИКАЗНИ ЗА КИРИЛИЧНОТО ПИСМО

Како јата птици зборовите летаат и ги разнесуваат мислите и пораките на луѓето. Тоа што е напишано останува како цртеж на карпа, симбол, знак, неизбришлива трага на постоење, стигнува до нас како најстаро писмо од Македонија. Ги разбираме писанијата на нашите претци оставени по пештерите, печатите, пергаментите, монетите и книгите со Евангелија од нашата библиска земја. Врвулици од народи и војни со уништувачка сила не ги допреле древниот ум, зборовите, јазикот во комуникација на сите што живееле во македонската империја. Потоа се појавувале нови јазици како латинскиот и православно-црковниот јазик со истите македонски букви.

Од сите македонски градови и престолнини, славата на Солун си стои меѓу тврдините уште од времето на создавање кога Касандар се оженил со ќерката на Филип II, Тесалка, и во нејзина чест го нарекол градот Тесалоника. Тој град со милениуми е центарот на македонската писменост. Епископскиот град и центар на Православното христијанство од времето на Константин и Јустинијан до Самуил, го чувал чистиот македонски јазик на кој се препишувала Библијата во сите периоди на покрстување и ширење на писмото низ Европа. Нималку не е случајно што од Солун се повикани браќата Кирил и Методиј и им е доверена мисијата на описменување на сите народи северно од Македонија. Мисијата ја продолжиле браќата Климент и Наум со илјадници ученици по Моравско, Влашко, Украинско и цела Русија каде што и денеска кирилското македонско писмо е во употреба. Старомакедонскиот црковен јазик се пее во Кириловите манастири цела Русија, пред фреските на сите Светите просветители од Македонија. Многумина од нив и ги оставија коските таму, заедно со покрстувањето, кирилицата и македонскиот дух за градење на црквите во Киев, Москва си до Сибир и Владивосток. Рускиот народ не ги заборава своите браќа по род, јазик, библија и православен канон. Во секоја црква и манастир стојат Кирил, Наум, Климент, па фрески на боговите и руските цареви со писмо во раце, нашето македонско писмо на Кирилица.

Охридската архиепископија го имала единственото право на крунисување кралеви. Сите доаѓале во Македонија како во света библиска земја да примат благослов и да формираат свои нации и јазик.

Кирилското писмо во Православниот свет е основа за писменоста позајмена од Ма-кедонија. Има некоја архаичност во македонскиот јазик. Тоа е црковниот јазик. Тоа се маке-донските корени на писмо на фреските. Тоа е Македонија во чии крошни и колевки се извеле буквите со Кирилско писмо кое се користи кај сите народи во Православието.

***ИМА ЛИ НЕКОЈ, КОЈ КАКО МАКЕДОНСКАТА МОМА, УСПЕА ДА СЕ ДОБЛИЖИ НА НЕБЕСКАТА УБАВИНА ОД БОЖИЛАКОТ?***



**БЕШЕ СИ БИЛА ...**

# ...ПРИКАЗНА ЗА ВЕЗЕНА КОШУЛА

Македонија не е позната само по царевите и светоста на земјата преку градбата на " храмови и крстилници од најстаро време. Попознати се нејзините ракотворби од народот во ткаењето, во везењето и плетењето. Камче по камче - мозаик, слики по земја како килими се правеле. Совалка по совалка килимче се ткаело, со мотиви по душа како со стилизиран човек, птица, цвет. Бод по бод со игла, вез во платно се везел. Мonисте по монисте ќустег се плетел, во сите бои шарена змија во рацете на ороводец. Камен по камен, куќа Божја се градело. Удар по удар во дрво, олтар во црква се резбарел. Мотивите кои се везени, плетени, ткаени, сликани, дрворезани исти се од рацете на луѓе од Македонија соз-давани, Содржината, боите, осмисленоста, ни го одликуваат животот на народот.

Уметничкото творештво најрано го сретнуваме во неолитот како фигури на жена со накит накитена.

Мозаиците по царските палати, театри, крстилници, ни покажуваат настани од животот на Македонците. Во тие мозаици се истите билки, цветови, животни и разни ликови врамувани по рабовите, со познатиот македонски преплет. Тоа се знаците на сонцето на подножјето на кратерите со космичко значење.

И рабовите на кошулите, килимите, маските, со истиот преплет македонски потпис е на сите артефакти во музеите по светот. Наши се, си ги знаеме.

Се кренале мозаици од подовите и се искачиле како фрески по ѕидовите на храмовите со Божји ликови, лица од народот, маченици и ангели облечени во кошули и наметки, ги овековечуваат македонските ракотворби. Рубата на Константин и царицата мајка Елена, Теодора, Евросима, Ана Комнен и другите фрески, опточени се со бисери, мониста, пулејки на везовите и круните да блескаат под светлото на свеќите. Тоа се вредните раце на македонските уметници што создаваат непроценливо богатство на македонското живеење.

Македонските ора, рамо до рамо, како котелци, како камчиња во мозаик, како оптоци со бисерни мониста, како преплет на кошулите извезени ни ја покажуваат смислата на Тешкото, оро што го играат сите, арно ама никој не го тропнува чекорот како Македонците кога играат.

Во Париз, во музејот на човекот, облеката е претставена со Галичката носија. Македонската кошула со галичкиот вез.

Во галичкиот вез кошулата е покриена со црвено црн вез. Украсите се со рески и филигрански копчиња. И без музика накитот тропка, и при дишење, и при движење, и кога се игра на оро. Девојките цел живот го везат чеизот за да се покажат со полни касели пред свекорот и пред свекрвата.

"Си била кошула ненавезена" - К. Рацин, од песната за Ленка.

# СОНЦЕТО БЕШЕ ПОЧЕТОКОТ...
# ПОТОА ДОЈДЕ СВ. ПАВЛЕ И ЈА КРСТИ ЛИДИЈА...



БЕШЕ СИ БИЛА ...

# ...ПРИКАЗНА ЗА КАНОН

Канон не е само црковен закон. Канонот постоел како обичај и бил уште посилен од напишаните закони во правото во државата а се применувал во сите активности во животот на народот. Канонот во Македонија постои и се применува од најстари времиња. Не е пишуван, а сите го знаат и го применуваат. Канонот е ритуал проследен со песни, ора и благослов. Се пие вино за добредојде и се каснува лепче со сол за ситост и бериќет. Кога се гради куќа, кога се сади расад, кога се заранува дете, кога се завршува жетва и почнува гроздоберот, кога се жени синот, крштевките, славите, веселбите, кога е крчма и во било која работа и настани тука се роднините, пријателите, соседите, во сите случувања за среќа и радост присутен е македонскиот канон, длабоко вкоренет кај народот.

Од сите придржувања кон канонот најбогата содржина има тој што е сврзан со виното и лебот. Лозата на Св. Трифун се зарежува со песни, ора и трпеза, попот наздравува и благословува. Се заврзуваат врвци да не се почудуваат ластерите и гроздовите. На празникот Преображение прв пат се пробува грозјето и на гроздоберот наесен пак канонските ритуали се познати во народот уште од времето на Дионис. Ритуал што поминал во театар и во секоја фамилија кај народот.

Црвени и бели конци и пувки се врзуваат и на штотуку искласаната пченица за зрното навреме да залеби, да не полегне, паламида да не го прошара. Не се гази жито до жетва.. Откако ќе се ожнее последниот сноп се огсава заврзана ракатка класје украсена со цвеќе и друга таква се носи до амбар. Се заврзуваат српoвите за догодина. Пита во црепна печена и маштеница е гозбата. Јатото птици на нива се гоштеваат со зрната за да не р'ти до новата сеидба. Овие обичаи во Пелагонија си уште живеат од времето на Хомер. И тогаш лебот со ист канон се приготвувал.

Во ноќвите се сее брашното. Во една преграда се чува струшка, поскура, квасец и посип. По измесениот леб се остава парче за потквас. Во ноќвите се реди лебот и се завиткува со ленена дипла. Ноќвите се држат затворени за ситост на гостите. Си има правила за лебот да излезе добар, навреме да втаса, да не прекисне, да не се препече и домаќинката да биде чиста. Само таква жена може да меси панагија за нафора. Малер да не ја бие.
Канонот го обогатува и разубавува секојдневниот живот со своето присуство и риту-али. Кога се прават црепни за цело село се избира чистинка крај река. Момците ископуваат глина. Децата црпат вода и џагорат. Момите со засукани ракави ја прават смесата како леб кога се меси. Фатени на оро рамо до рамо пејат и ја газат смесата со ритамот на песната. Попрскуваат вода и ја доразработуваат земјата додека втаса за делење на црепните, се обли-кува и со влажна рака се премазнува да не испука. Во цикличното повторување си ја чуваме традицијата. Ги пренесуваме приказните на помладите иако што од мали се учат низ канон.

И НА ХИМАЛАИТЕ МАКЕДОНЦИТЕ СИ СЕ МАКЕДОНЦИ.



БЕШЕ СИ БИЛА...

# ...ПРИКАЗНА ЗА ХАНЗИТЕ И КАЛЕШИТЕ

Одамна, пред некои 2300 години Александар Македонски ги повел Македонците по еден долг космички пат полн со енергија. Со многу идеи и дух ги поврзал двата континета како два света со различни култури и религии. Изградил градови и пробил патишта во најнедостапните краишта. Некои го нарекуваат "патот на свилата" а тоа е македонски пат од светски размери за размена на стока и култура по трајни врски во одредедени меридијани. Во некои населби живеат потомци на војниците од фалангата и го гледаат светот со сафирно светли очи. - Ние сме од Македонците, велат, бели сме, различни сме од другите. Од Авганистан, преку Пакистан, до Пенџаб, на околу 400 километри се живее живот останат од Македонците, сочуван кај племињата високо во планините, по патот на фалангата по работ на границата на светот. Таму останале Калешите и Ханзите. Го чуваат и го негуваат македонскиот бит во носиите, везот, накитот, мелодиите и музичките инструменти, архаичните зборови...

Пред десеттина години, во две такви населби дошле грчки мисионери од Атина, за да ги лажат дека биле потомци и браќа на грчки племиња, дека Александар бил Грк и дека Македонија е грчка. Ама Калешите и Ханзите не се предаваат, го чувствуваат својот ген и зборуваат за тоа како од колено на колено се пренесува македонски идентитет. Раскажуваат како Александар дошол со Македонците во нивната земја со непрегледна убавина слична на Македонија. Три години живеел со нив како дома да си бил и се оженил со нивна принцеза. Се ожениле и војниците и потомсгва оставиле. Тоа се тие Ханзите и Калешите чии претци се Македонци оставени во градовите - Александрии, цели гарнизони, да ја чуваат границата на Македонија како светска империја. Си живееле фамилијарен живот во негибнатата убавина како да се во Македонија. Во долините преполни со води, шуми, лозја, овошни градини, билки, цветови, растело од семињата што Македонците ги донеле и ги засадиле за да се потсетуваат на Македонија. Останале до денеска насадите на тополи, јасики, црници крај секој поток како во Пелагонија. Пред секоја куќа босилек и сардела мирисаат, а во секој дом има садови од бронза и глина какви што ги правеле Македонците. Јаболкото од Преспа засекогаш ги освоило луѓето како цвет и како плод во градините. Кајсиите, грозјето и смоквите ги сушат како резервна храна, исто како што ја носеле во торбите Македонците од Фалангата, така ги научиле и потомците да си прават зимница.

На нашите генетски роднини треба да им помогнеме во осознавањето дека се Маке-донци. Треба да им овозможиме споредба на шарите и боите, на везовите и килимите дека се исти како нашите. Треба да им кажеме дека лавот на нивното знаме доаѓа од Херакло што се наметнувал со лавја кожа, да им објасниме дека обликот на павтите и другите женски украси претставуваат македонски штит. Го чуваат споменот за Александар и Македонците, своите претци. Да не ни се случи, дека само си биле Македонци. Ни треба македонски идентитет насекаде низ светот каде што живеат Македонците.

***ЦАРОТ КОНСТАНТИН И БОГОЉУБЕНАТА ЦАРИЦА ЕЛЕНА, НЕ МОЖЕА А ДА НЕ ИЗГРАДАТ СВОЈ ХРАМ, ВО САКАНОТО ИМ СКОПЈЕ.***



## БЕШЕ СИ БИЛА...

# ...ПРИКАЗНА ЗА ЦАРОТ КОНСТАНТИН

На крајот на III в. по Хр. со Римската империја владееле четири цезари. Диоклецијан од Сплит, Констанцио од Ниш, Галерие од Сердика (Софија) и Луцијан од Дакија, сите од Македонија како што и тогаш се викала провинцијата. Во 306 година по Хр. сите ја предале власта на посвоени наследници а само царот Константин бил избран за цар од војската, како што се бирале наследните македонски владетели од древнина.

Константин во меѓусебните судири за доминација ги поразил совладетелите и по примерот на Александар Македонски ја обновил империјата, проширувајќи ја од Египет до Шпанија и Англија. Создал една држава, со еден цар, со една религија, градејќи многубројни градби по примерот на македонските палати и базилики, богато украсени со фрески и мозаици. Како и претходните македонски цареви изградил градови кои ги нарекол со своето име - Констанцио, Константинопол...

Со закон го заштитил Христијанството и масовно ги покрстувал паганските племиња. Лично учествувал на Никејскиот собор за да го спречи прогонот и погромот на Македонците од страна на римските војници. Така ја возобновил Македонија како уште поголема држава која подоцна ја нарекувале Византија, и која, како таква успеала да стане столб на Православното Христијанство и да ја сочува и развива и понатаму уметноста, писмото и верата за што се залагале сите владетели од македонската царска лоза од Константин I, до Константин XIX цели 1000 години. Македонците владееле на три континенти. Повеќе од еден милениум владееле низ цела Европа, Азија и Африка и ги оствариле идеите на Константин исто како што тоа го направил Александар.

Мајката - царица Елена, со поддршка на целиот двор има голема заслуга за градењето на првите цркви и манастири од Ерменија до Палестина, Египет и Македонија. Таа ги заштитувала пустиниците, го ширела монотеизмот низ цела Европа и ја поддржувала војната со крст на мечот, како поддршка на Христијанска Македонија.

Во почетокот на IV век и во Скопје била изградена црква "Цар Константин и царица Елена". Во 1963 година за време на земјотресот, во центарот на Скопје се урна црквата која го носеше нивното име и за жал таа до денешен ден не е обновена. Почитувањето на овие светци продолжува си до денешното време. Скоро и да нема црква во Македонија каде што нема фреска со нивните ликови која го раскажува нивното житие исто како што и Евзебие го раскажал животот на царот, четирите негови синови-наследници, браќата, внуците и останатите потомци на лозата на Константин.

Во Македонија и денес децата се крштеваат со тоа славно име, Константин I Вели-киот, и со милениуми во народот се чува споменот за Македонскиот царски род. Во Ерусалим во првата црква на Царицата Елена се гледаат Македонски штитови на воините и ангелите како спомен останат од тоа славно време па се до денес...

**_ЈАС ЦАРОТ НА РОМЕИТЕ ЈУСТИНИЈАН, ОСВОИВ МНОГУ ГРАДОВИ А УШТЕ ПОВЕЌЕ ИЗГРАДИВ, НО МОЈОТ РОДЕН ГРАД Е МОЈАТА НАЈГОЛЕМА ЉУБОВ._**



БЕШЕ СИ БИЛА...

# ...ПРИКАЗНА ЗА ЈУСТИНИЈАН ОД СКОПЈЕ

Римското царство кон крајот на четвртиот век се поделило на Западно и Источно. Западното царство во вештачки граници, со вештачки јазик, вештачка конгломерат култура и градбите какви што ги граделе покорувани племињата од Рим, пропаднале под нале-тот на Готи, Авари, Хуни, Вандали и кој не други. Исгочното царство се одржало на македон-ската територија продолжувајќи ја македонската култура, јазик, црковно писмо, уметносг, град-би, обичаи. Дадено и е ново име, Византија, иако народот си е ист- Македонци. Можеби затоа што со новото име се надминати етничките граници на Македонија иако на власт биле македонски владетели. Во крајот на петтиот и шесттиот век во Таор и околните царски палати оградени со тврдини до Бадер и Скопје живеела династијата на Јустинијанови. Јустин Први чичко на Правдин преименуван во Јустинијан го повикал во Цариград да се школува за подоцна да го преземе владеењето врз целото Источно царство или поранешната Римска империја. Јустинијан уште повеќе го проширил и го обновил царството од Константин и Александар, во исги битки и на исти места го обединувал светот. Така скопската царска династија оставила траги по сите градови во Македонија. Прокопие, Јустинијановиот советник и секретар, оставил пишувани документи за сите активности на Царот, посебно за градот Јустинијана. Градот бил украсен со големи тврдини и кули, убави згради, цркви со мозаици, водоводи, базилики помеѓу реки и ридови, од Таор до Бадер и Скопје. Камениот мост под тврдините на Скопје, тука е водоводот-вијадукт и други градби насекаде, како и бројни наоди од пари со ликот на царот. Овие археолошки наоди ги присвојувале сите туѓинци што поминале низ Македонија, а тие си останале тоа што биле секогаш, само македонски и не само во Скопје како роден град на императорот туку насекаде каде што се простирало Македонското владеење.
Наследството во Цариград се гледа и не застарува. Тоа е црквата Св. Софија што ја изградил Јустинијан пред 1500 години и тврдините околу градот, со триесет километри дол-ги двојни ѕидини и уште многу си уште видни знаменитости. Низ цела Македонија изградил уште 600 нови тврдини на градовите. На Дунав оставил други 80 тврдини со одбранбени ѕи-дови. Изградил епископии во сите поголеми градови како во Солун, Стоби, Еге, Пела, Сти-бера, Хераклеја, Бер, Ниш (Наис), Сердика, Сирмиум, Охрид. Со царицата Теодора живеел рас-кошен царски живот и ја одржувал царската традиција како што е прикажано на фреските во Равена со сите древномакедонски царски симболи на облека и градби украсени со сонца.
Сето тоа Јустинијан го ставил во кодекс на македонското право, низ параграфи го овековечил државното, фамилијарното, приватното и православно живеење во Македонија. Со право името на најугледниот правен факултет во Македонија на скопскиот Универзитет се вика :?стинијан први".


ГРАДБАТА СЕ ДРЖИ
НА ТЕМЕЛИТЕ.
А ИМА ЛИ ПОЦВРСТА ГРАДБА,
АКО КАМЕНОТ ПОЧЕТНИК
Е ЛИКОТ НА ГРАДИТЕЛОТ?

## БЕШЕ СИ БИЛА ПРИКАЗНА...

# ...ЗА ЦАРОТ САМОИЛ

Македонската историја е преполна со знаменити цареви и царства од најдревни времиња на продолжена линија на династии. Сите тие, неколку илјади години ја потврдувале славата на Македонија.

Династиите на Филип II, Птоломеите, Селеуките, Антигоните, Константиновата и Јустинијановата династија, Васил II и Самоил, Комнените, Крале Марко, Војводите, сите Македонци, биле градители на градови, цркви, манастири, патишта, тврдини и сите оставиле зад себе дела со непроценлива вредност во статуи, мозаици, фрески и ковани монети како мали ремек дела. Тие остатоци од македонската култура блескаат од Охрид и од археолошките ископини низ сите македонски градови.

Самоиловата Македонска држава, најголема во средниот век, се посведочува со тврдини во Охрид, Преспа, Прилеп, Скопје, Струмица, Лариса, Воден, Солун, Дубровник. Тоа што сиуште го гледаме околу нас од тоа време и на целата територија наречена Византија, тоа се местата на христијанска Македонија, колевка на црковното писмо, кирилицата, светците, житијата, фреските и црквите што се проширувале низ целиот Православен свет. Охрид и Цариград се светските престолнини на македонската династија нарекувана Василевси што значело сончева сила во лицето на царот.

Кнезот Никола со Цимиски и Васил II ги определил границите на владеење во Македонија. Четирите синови на Никола: Арон, Мојсеј, Давид и Самоил го наследиле таткото и неслогата со своите први роднини од Цариград. Самоил се покажал како најсилен владетел, се крунисал и започнал да се спротивставува на царот Васил II. Директно се судрил со него водејќи братоубиствена војна.

Царот Самоил набрзо го обединил Македонското царство во силна држава со големо влијание врз културата на Православниот свет и писменоста. Охрид со својата Архиепископија и првиот Универзитет во Европа, црквта "Св. Софија" и другите цркви за секој ден во годината и како богата престолнина не само на Самоил, Охрид бил престолнина и на син му Радомир, Јован Владислав и други потомци. Истражувањата покажаа дека сите царски лози низ Европа влечат наследен ген од Самоила, особено руските цареви украсувани со македонски круни, жезла и други царски украси. Така Самоил се појавува како сврзувачко ткиво во македонската историја. Го јавал коњот и ја предводел војската со исто оружје, на исти места како и Филип II со борба потврдувајќи ги границите на Македонија.
Трагичните насгани по братоубисгвените војни со Васил II од Цариград, исто така смел зоин од Македонската динасгија, не ја намалиле славата на Самоил и неговите војници овеко-вечени во фреските на манасгирот во Водоча. Многу се речити и Самоиловите тврдини во секој град на средновековната македонска Самоилова држава. И карпите над езерото во Охрид како да го врежале ликот на Самоила да го потсетува народот на сите војни и страдања за Македонија.

**МИРАТА ОД ОХРИД, ЦАРЕВИТЕ РУСКИ ЈА РАЗНЕСОА НИЗ ГОЛЕМАТА СЛОВЕНСКА ДРЖАВА.**



**БЕШЕ СИ БИЛА...**

# ...ПРИКАЗНА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РУСИЈА

Во XI и XII век, кога во Македонија постоеше единствена автокефална црква, Охридската Архиепископија, таа беше единственото просветно жариште за многу народи што во тоа време го прифатија Кирилското писмо, а со тоа и христијанството и воопшто македонското влијание на пошироки просгори преку Киев и Москва. Во тоа време се покрсти царицата Олга и го доби светото име Елена. И кнезот Владимир се покрстил и оженил во Охрид, синовите Роман и Давид биле канонизирани како светители Борис и Тед со јурисдикција на Охридската Архиепископија. Влијание се вршело и преку Св. Гора од манастирот "Св. Катерина". Изградбата на киевската Кирилова црква од XII век во првата апсида наречена македонска сала има зографисано 25 македонски светители и целата градба со мозаици, фрески, икони го отсликува македонското влијание во Русија. Постоела силна преписка во православните цркви и Русија го возвраќа влијанието на Македонците со помагање на покорените православни земји. Од XIV век Руската православна црква станува покровител по укинување на Охридската Архиепископија во 1767 г. Руските цареви копнееле по Охрид и ги прифаќале сите Македонци кои се населувале во Русија бегајќи од теророт што го вршеле Турците во Македонија по Карпошовото, Разловечкото и Кресненското востание и Илинден.

Во Украина, Екатерина II во 1752 г. формира православни полкови од доселени Македонци со свој грб и знаме, според архивите проучени од д-р Матковски. Македонските доселеници биле заведувани како Македонци припадници на Македонската нација. Трагите на Македонците од тоа време ги сретнуваме во топонимите како Македони, Кумановка, Кратовка, Скопиевка и полковите од 1773 г. наместо Македонски ги добиле имињата според градовите како на пр. Нови Полошки полк и.т.н. Тие траги траат не само во топонимите, имињата, писмото, јазикот, туку во целокупната македонска култура останата таму и од XIX век со школувањето на македонски студенти.

Во Москва, Петерсбург, Киев, Одеса... работеле голем број македонски учители, учебникари, преведувачи и воспитувачи на царските деца, како Анатол Зографски, кум на Николај I и учител на царските деца, брат му Партение Зографски, Рајко Жинзифов и Андреја Петковиќ биле руски конзули во Турција и Австрија. Браќата Миладиновци, Григор Прличев, Ѓорѓија Пулевски, Крсте Мисирков, Димитрија Чуповски и многу други македонски преродбеници битката за слободна Македонија ја воделе на културно поле од Русија.

Откако соседите по Балканските војни си ја поделија Македонија со се народ, со се јазик, со се цркви, со се територии, под покровителство на големите сили, прогласиле дека во Македонија немало еднороден јазик и народ, си создале свои еднородни држави со се Македонците внатре, не признавајќи ништо наше.
Турското ропство го заменија со хрЛстијанско. И по 100 години тврдат дека македон-ското писмо било нивно, дека македонската земја, црква, народ, име им припаѓа ним, на еднородните Грци, Срби, Бугари, Албанци... Под ноктите на грабливците ѕирка Македонството што не можат да го сопрат со ништо. Македонскиот дух живее на руска територија како сродност со Македонците и идентичностт во соседството - Македонство.


ИЗРОД НЕ СЕ СТАНУВА СО КРВТА НА:
МАКЕДОН, АХИЛ, ФИЛИП, АЛЕКСАНДАР, САМОИЛ...

**БЕШЕ СИ БИЛА...**

# ...ПРИКАЗНА ЗА КРАЛЕ МАРКО

Во XIV век повторно како и во X век во Македонија со Самуиловото царство, ќе блесне царската династија на кралот Волкашин и Крале Марко. Повеќе од 600 години тоа 'име е легенда, еп, историја и слава на Македонците. Крале Марко како јунак над јунаците се слави исто како нов Херакле. Марковата држава и Охридската Архиепископија претставуваат единствена моќ меѓу Православниот свет и затоа Марковото име се слави на пошироки простори и кај повеќе народи од Влашко до Солун и од Цариград до Јадран. Таа династија ги опфаќа делата на Волкашин со сите свои синови и ќерки што од млади кнезови станале принцези и кралеви. Така е запишано низ сите манастири и цркви чии ктитори биле: "Синот Марко, Андреја, Иванеш и Димитрија (Митраш)"; сестрите Оливера, Дева... сите чеда на Волкашин и царицата Евросима како и Елена. Славен е Прилеп како царска престолнина и како седиште и тврдините царски застапени се по сите македонски градови: Битола, Преспа, Охрид, Серез, Лариса, Солун, Струмица, Скопје до Цариград.

Во 1371 г. кралот Волкашин, брат му Углеша и цел одред свети воини сликани по фреските, загинале во битката кај р. Марица во лута битка со Османлиите. На помош не им притекнал ниту еден од православните соседи, затоа и Крале Марко "касно сигнa" на Косово, се рамнеле стари сметки, династички.

Младиот Крале Марко, законски престолонаследник на татко му Волкашина и неговите совладетели мајка му и браќата овековечени се во Марковиот манастир крај Скопје и манастирот под Маркови Кули во Прилеп. Тоа е лик на фреска на цар што зрачи со вера и енергија, достоен владетел и заштитник на народот. Над влезната врата на манастирот стои натписот: "Јас Кралот Марко го создадов и испишав овој (манастир) Божји храм". Таа заштита на маке-донското царство лебди над ликот, круната и писмото, со рогот во раце како симбол на силната православна македонска династија во налет пред турското освојување. Го чува народот, ја чува Македонија."'

Дваесет и пет години во своето владеење Кралот Марко и браќата оставија прекрасни цркви, манасгири, царски дворови и тврдини по сите македонски простори. Тоа е историја пишувана со фрески и македонско црковно писмо, илјада години употребувано во целиот православен и македонски свет. Градбите од тогаш уште стојат со целиот сјај на фрескописот и иконостасите. Така си заслужи место во епот и митот јунакот над јунаците.

Парите со ликот на Крале Марко биле во оптек насекаде, како и парите од Евросима и младиот крал Андреја, ковани во Марковата ковачница во Охрид. Сите Волкашинови наследници имале самостоен статус и богатство за да градат и живеат раскошно и во благостојба со народот. Сите со години подигале од сребото во Дубровник што го имал депонирано Волкашин. Крале Марко на коњ со боздоганот во раце, штитот и копјето, ист е како сите воини, кралеви од Македонија.

Духот на Александар, на Јустинијан, на Самуил, на Крале Марко, на Гоце Делчев уште го чекаат Македонците за да ги штити како што било тоа од секогаш.




## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Во Пелагонија, на половина пат меѓу Прилеп и Битола, во селото То-полчани, родена е крстена и порасна-ла Ангелина, во фамилијата на Шу-плиновци, меѓу осум браќа и сестри, голем број братучеди, стрини, вујни и тетки... цело село роднини.

Создала фамилија со Саша Мар-кус, им се родиле две ќерки со полу-руски ген што продолжува и кај вну-ците како посебно културно наслед-ство од два народа.

Најголемиот дел од животот како професор по филозофија, го посветува на генера-циите кои пред нејзини очи созревале, се школувале и му се враќале на општеството како успешни кадри и сериозни фамилијарни луѓе со кои сеуште одржува пријателски врски.

Преживеала војни, земјотреси, поплави и загуби, акумулирајќи енергија сето тоа повторно да го изживее и да го прераскаже.

Најинтересно е тоа што почна да пишува и да објавува книги во осмата деценија од својот живот.
Нејзина преокупација се македонските древни вредности, македонските царски династии, науките, филозофијата, медицината, театрите, македонските пари, древната исхрана а сега и приказните во продолжение, од Македон, за сите поважни личности и настани од долгата историја на Македонија.

# МАКЕДОНСКИТЕ МИТОЛОШКИ ДИНАСТИИ

## I. ПРВА МИТОЛОШКА ДИНАСТИЈА НА МАКЕДОН СИНОТ НА БОГОТ ОЗИРИС

**ОЗИРИС - ИЗИДА**

- МАКЕДОН, Крал на Македонија
- АНУБИС, Крал на Египет

**(околу 2340 п.н.е.**

## II. ВТОРА МИТОЛОШКА ДИНАСТИЈА НА МАКЕДОН СИНОТ НА БОГОТ ЗЕВС

**ЗЕВС - ТИЈА**

**(околу 1315 п.н.е.)**

- МАКЕДОН, Крал на Македонија
  - АМАТИЈА
  - ПИНД
  - ПИЈЕР
    - ЕАГАР
      - ОРФЕЈ
        - ЛЕОНТ
          - КИЛАНТ
          - ПРАКСИТЕЈА
          - ТЕОПА
          - ЕУБОЛА
      - ЛИН
      - МАРСИЈЕ
  - ДЕВЕТ ПИЈЕРИДИ (МУЗИ)
    - Клија
    - Еутерпа
    - Талија
    - Мелпомена
    - Тепсихора
    - Ерато
    - Полимнија
    - Уранија
    - Калиопа
- МАГНЕТ, Крал на Магнезија
  - ПОЛИДЕКТ
  - АЛЕКТОР
  - ХИМЕНЕЈ
  - ДИКТИС
  - ЕУРИНОМ
  - ЛИН
  - ЕЈНОЈ
  - ПИЈЕР